ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - СКОПЈЕ

Бр. 05-1992/1
Од 09.11.2024 год.
Скопје
Општина Ѓорче Петров-Скопје
Ул. Ѓорче Петров бр. 73
1000 Скопје
Тел. (02) 2039 307; 2039 308
Тел. (02) 2033 471; 2033 469
kontakt@opstinagpetrov.gov.mk
www.opstinagpetrov.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-027/2018

До
Државен завод за ревизија

Предмет: БАРАЊЕ ЗА РЕВИЗИЈА

Почитувани,

Со цел успешно извршување на работните цели и задачи и намалување на влијанието и веројатноста за појавување на идентификуваните ризици во работните процеси, бараме да се изврши ревизија на целокупното работење на Општина Ѓорче Петров.

Ваквото наше барање се темели на фактот што веќе подолг период единицата за внатрешна ревизија на Општина Ѓорче Петров не ја извршува својата функција, цели и задачи за кои е основана. Ова поради фактот што ова одделение иако е формирано со актот за организација бр. 08-1152/1 од 18.05.2007 година во моментот нема ниту еден вработен, а раководителот на одделението за внатрешна ревизија со Решение бр. 09-3415/72 од 17.10.2019 година е прераспределен на работно место Раководител на одделение за општи и стручно – административни работи.

Со ревизијата бараме да бидат опфатени следните процеси:
- Планирање, доделување и реализација на договорите за јавна набавка;
- Набавка на стоки, услуги и работи без склучен договор за јавна набавка и набавки под законски утврдениот лимит;
- Процес на одобрување и превземање на обврски и нивно плаќање;
- Процес на усогласување на сметководствента состојба на средствата и нивните извори со нивната фактичка состојба утврдена со пописот на ден 31.12.2020 година;
- Процес на ангажирање на физички лица со авторски договори или договори за дело и признавање на расходи за договорни услуги;
- Архивско работење.

Во горенаведените процеси идентификувани се следните позначајни ризици кои негативно може да влијаат на работни цели:

– Намалена конкуренција, транспратеност и економичност при доделувањето на договорите за јавни набавки;
– Нецелосно евидентирање на превземените обврски поради ненавремена достава на пристигнатата сметководствена документација во единицата за финансиски прашања;
– Намалена ликвидност поради превземање на обврски во поголем износ од одобрените средства во буџетот;
– Неоснован отпис и отуѓување на основни средства без обезбедена Согласност од Советот на Општина Ѓорче Петров.
– Плаќања за неизвршени работи и неиспорачани стоки и услуги и признавање на расходи врз основа на неодобрена и некомплетна сметководствена документација, што може негативно да влијае на реалното и објективното искажување на податоците во финансиските извештаи;
– Неосновани плаќања кон физички лица кои иако биле ангажирани со договор на дело или авторски договори, не ги извршувале работните задачи предвидени со договорите;
– Архивско работење кое не е во согласност со законските и подзаконските акти кои го регулираат овој процес.

Со почит,

Раководител на Сектор
за финансиски прашања
Горан Андриевски

Општина Ѓорче Петров
Градоначалник
Александар Стојкоски